Член 61

До започнувањето со работа на Заложниот регистар од членот 9 на овој закон, работите од неговата надлежност ќе ги врши дирекција како орган во состав на Министерството за правда.

Член 62

Со влегувањето во сила на овој закон, престануваат да важат одредбите од глава XXVIII со членовите 966-996, како и другите одредби кои се однесуваат на заложното право врз подвижни предмети од Законот за облигационите односи („Службен лист на СФРЈ“ број 28/78, 39/85, 46/85 и 57/89), преземен согласно со членот 5 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 52/91) и одредбите на Законот за извршната постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 53/97) што се однесуваат на заложното право врз подвижни предмети врз основа на спогодба на договорните страни.

Член 63

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

---

631.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

**УКАЗ**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРАЗНИЦИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Се прогласува Законот за празниците на Република Македонија,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 28 април 1998 година.

Број 07-1758/1
28 април 1998 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Тито Петковски,** с.р.

**ЗАКОН**
**ЗА ПРАЗНИЦИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Со овој закон се утврдуваат државните празници на Република Македонија и другите празници и се определуваат неработните денови на празнувањето.

Член 2

Државни празници на Република Македонија се:
2 Август – Ден на Републиката,
8 Септември – Ден на независноста и
11 Октомври – Ден на Народното востание.

Празници на Република Македонија се:
1 и 2 Јануари – Нова година и
1 и 2 Мај – Ден на Трудот.

Член 3

Празниците од членот 2 на овој закон се неработни денови.

Доколку празниците од членот 2 на овој закон паѓаат во недела, наредниот ден се смета за неработен.

Член 4

Во Република Македонија се празнуваат и неработни денови се:

– првиот ден на Божиќ и вториот ден на Велигден за верниците од христијанската вероисповест;

– првиот ден на Рамазан Бајрам и првиот ден на Курбан Бајрам за верниците од исламската вероисповест и

– првиот ден на Јом Кипур за припадниците на Еврејската зедница.

Член 5

Во неработните денови од членовите 2 и 4 на овој закон, работникот има право на надоместнa плата, односно на зголемена плата во согласност со закон и колективен договор.

Член 6

Владата на Република Македонија со акт определува кои државни органи и други јавни служби, јавни претпријатија, трговски друштва, установи и други правни лица, се должни да работат во деновите на празниците од членовите 2 и 4 на овој закон.

Член 7

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за државните празници на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ“ број 16/65 и 15/72) и Законот за празниците на Социјалистичка Федеративна Република Југославија („Службен лист на СФРЈ“ број 6/73).

Член 8

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

---

632.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

**УКАЗ**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 28 април 1998 година.

Број 07-1730/1
28 април 1998 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Тито Петковски,** с.р.

**ЗАКОН**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ**

Член 1

Во Законот за работните односи („Службен весник на РМ“) бр. 80/93, 3/94, 14/95, 53/97 и 59/97) по членот 58 се додава нов член 58-а кој гласи: